



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# СТАРТУВАШЕ „СЕЗОНАТА НА ЗЕЛКИТЕ“

**И оваа година Општина Карпош на Бардовчани, традиционални производители на зелка им излезе во пресрет за пласманот на нивните производи.Во почетокот на месец ноември, кога почна „сезоната на зелката“, Општината постави околу 40 тезги за продажба на овој вид зеленчук. На овој начин, општина Карпош им помогна на своите жители од с.Бардовци, кои традиционално ја продаваат својата прочуен бардовска зелка, тоа да го направат поорганизирано и похигиенски.**

**Имајќи разбирање за тешката економската состојбата во државата, со единствена цел да им помогне на своите граѓани, тезгите што ги обезбеди општината им ги даде на продавачите на времено користење и без надоместок.**





# СТОЛЕ ПОПОВ ЗАСЛУЖЕН ГРАЃАНИН НА КАРПОШ

**Актуелните случувања во сообраќајот и со загадувањата во градот и во државата, беа повод членовите на Советот на Општина Карпош денес да отворат расправа за безбедноста во сообраќајот на територијата на Карпош и еко-заштитата на Општината.**

**Пред да почнат советниците со работа по точките од дневниот ред, советникот од редовите на Граѓанската опција за Македонија Горан Михајлов предложи две иницијативи кои би требало да потекнат токму од овој совет. Така, тој побара да се изгласа иницијатива која би се однесувала на изработка на етички кодекс во сообраќајот и рана едукација на децата од најмала возраст, кој кодекс би се инкорпорирал во образовниот процес во сите училишта, во некој од наставните предмети, како на пример граѓанско општество и сл. Освен тоа, тој предложи и формирање на канцеларија за еко-планирање, во која би се споиле урбанистите, проектните тимови, локалните власти и науката, односно климатолози. Носители на активностите на овој план би бил Секторот за јавни дејности од локалната администрација, а во понатамошна фаза и Креативниот центар на Карпош кој веќе е формиран и делува во сите десет основни училишта во Општината. По кратка расправа, советниците од сите советнички групи дадоа „виза“ на ваквите иницијативи,но тие би се усвоиле на некоја од наредните седници.**

**Во натамошниот тек на 41-та седница на Советот на Општина Карпош беа усвоени уште десеттина важни одлуки од општественото живеење и функционирање на локалната самоуправа, како онаа за Предлог-планот за развој на општина Карпош за 2016 година, за донесување на Детален урбанистички план за Блок 5-од Четврт ССИ03-Скопје (Северен дел на Касарна Илинден) Општина Карпош и Општина Чаир-Скопје, за прогласување на познатиот режисер Столе Попов за заслужен граѓанин на Општина Карпош за 2015 година, за определување на стипендии за талентирани ученици и спортисти од основните училишта од подрачјето на Општина Карпош, како и за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2015 до 30.09.2015 година.**

# ДИДАКТИЧКИ И ЕКО-ИГРАЧКИ ЗА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Во детската градинка „Пролет“ во населбата Козле, Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски донираше играчки за сите градинки во Карпош. Донацијата е во рамките на одбележување на роденденот на Општина Карпош 3-ти Ноември.**

**„Денес, на наше големо задоволство и радост, 39-от роденден на Општина Карпош го славиме заедно со нашите најмлади жители во предучилишните установи од Општина Карпош. Тука сме во градинката „Пролет“ во Козле, да ги поделиме нашите подароци, а тоа се дидактички играчки кои се методолошки и еколошки во согласност со европските стандарди. Поделивме подароци на сите десет клона и ова ќе го правиме повторно, сукцесивно, секои шест месеци, сé со цел за наредните две до три години да се обнови и зголеми бројот на играчки кои ќе го имаат децата, и сите градинки да бидат опремени со нив. Мислам дека задоволството кај децата е евидентно и секако и ние сме среќни кога правиме нешто добро за нашите најмали жители на општина Карпош“ , рече општинскиот татко.**

**За возврат, присутните дечиња од градинките на градоначалникот му го честитаа роденденот на Општината со песнички и стихотворби за есента и здравата храна.**



## СТЕФАН МИТИЌ ОД ООУ„ДИМО ХАЏИ ДИМО“ НАЈДОБАР МЛАД БИБЛИОТЕКАР ВО ДРЖАВАТА

Стефан Митиќ од Карпош е најдобриот млад билбиотекар годинава. Градот Кочани и ЈОУ Библиотека „Искра“ во соорганизација на Библиотекарското здружение на Република Македонија беа домаќини на најдобрите млади библиотекари на Македонија, кои учествуваа на годинешниот 16-ти Републички натпревар „Млади библиотекари 2015“ кој се одржа на 30ти октомври. На натпреварот учествуваа 23 млади библиотекари од повеќе општини во државата. Комисијата во состав Блага Спиридонова – претседател, Мара Анастасова и Гордана Пешевска членови, истакнаа дека сите учесници покажале одлично познавање од библиотекарството и точно одговориле на околу 80% од прашањата. Сепак во сите добри имаше и најдобри. Стефан Митиќ ученик во ООУ „Димо Хаџи Димов“ од Скопје и Игор Стојков ученик во ООУ „Тодор Јанев“ Чашка-Велес натпреварот го завршија со најмногу поени 108, па во додоплнителните прашања победата сепак ја однесе ученикот Стефан Митиќ.

Признанијата на учесниците и на нивните ментори им ги врачи Благоја Николов, Претседател на Библиотекарското здружение на Република Македонија.

## БАЈАГА ГО „СТОПЛИ“ КАРПОШ

Со „рускиот воз и љубовта што опива“, Бајага и Инструктори вчеравечер го маѓепсаа Карпош. Над четири илјадната публика која се грееше со гратис тиквешко вино, пиво и чаеви над два часа уживаше во роденденската забава која им ја приреди Општина Карпош на своите сограѓани по повод 3 - Ноември, Денот на Општина Карпош.

Во речиси двеипол часовниот концерт се редеа најпознатите хитови на рок мајсторот и најпознатиот „баритон“ на екс-ју просторите Момчило Бајагиќ-Бајага и неговите Инструктори (по позитивна географија - изворно).

На едвај 4 степени температура„ атмосферата ја загреаја „220 волти“, „Плави мој сафире“, „Зажмури“, “Тишина“. „Моји су другови“,... а натаму музичката мега ѕвезда ни порача „С друге стране јастука“ и тоа дека животот е „некад сив, некад жут за мене забринут“. Сепак познатиот Бајага не пропушти да ја отпее и „Песната против малери“ повикувајќи ја да ги избрка сите змаевите и да донесе мир во овие наши краеви.

Тоа беше уште една незаборавна „журка“ на Делфина во Влае за карпошани и сите фанови на легендарниот бенд Бајага и Инструктори.



## ДОДЕЛЕНИ 110 ХУМАНИТАРНИ ПАКЕТИ

**На три локации низ Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски доделил 110 хуманитарни пакети на социјално загрозените граѓани. Станува збор за пакетите кои се собрани од акцијата „Да бидеме хумани за нашите соседи", која беше спроведена минатиот викенд пред 12 поголеми маркети во Општината.**

**На присутните сограѓани од социјалниите семејства им се обрати Градоначалникот Јакимовски кој притоа и рече:**

**-Сакам да ве поздравам од името на Општина Карпош и да ве потсетам дека го славиме 39-ти роденден на нашата локална самоуправа. По тој повод ние секогаш ги правиме овие хуманитарни акции, при што подготвуваме одредени пакети со производи за наши социјално загрозени граѓани на кои им е потребна ваква помош. Овој пат имаме собрано 110 пакети и на секое од семејствата им доделуваме по еден пакет во кој има прехранбени продукти и хигиенски средства. Воедно, рече првиот човек на општинската власт, сакаме да ви посакаме добро здравје, многу среќа и сила да издржите и да ја надминете оваа тешка материјална состојба и искрено се надеваме дека таа ќе биде од краток времен карактер. Се надеваме дека наскоро ќе има подобри денови , и би сакал во иднина вашите деца да им помагаат на граѓани на кои им треба ваша помош.**

-Ние се трудиме во текот на годината вакви пакети да обезбедиме барем во три наврати, за Велигден, за Божиќните празници и за Денот на Општината. Освен ваквиот начин на помош, се трудиме да излеземе во пресрет и за други потреби кои што ги имаат оваа категорија граѓани, на пример неплатени сметки за електрична енергија, за лекови и сл. со цел да им помогнеме колку можеме  повеќе.

Пред присутните се обрати и претседателот на Советот Сашо Лазаровски кој рече дека сите советници даваат поддршка на оваа акција и се трудат да им помогнат на овие семејства. Инаку денес, хуманитарните пакети се делеа во урбаните заедници „Карпош 2",   „Владо Тасевски "  и „Влае 1" .





## ИЗЛОЖБА ВО ЧЕСТ НА ИЛИЈА КАВКАЛЕСКИ



**Почитување, воодушевување и љубов кон акварелното сликарство на Кавкалески покажа многубројната публика на отворањето на вчерашната изложба во чест на Илија Кавкалески, а по повод Денови на Општина Карпош. Многубројни пријатели, колеги и љубители на уметноста придонесоа за збогатување на настанот, а значаен беше уделот на поетесите Лидија Јеремиќ, Виолета Сековска, Виолета Петковска, Рада Соколовска и пеачката Ристана Рина Николова.**

**Пријателот на починатиот уметник Кавкалевски, Александар Алексов со едноставен јазик и со многу душа зборуваше за него.**

## КАРПОШ ИЗБРА ТАЛЕНТ



Ведран Старковски, Давид Огненовски и Катерина Старковска од основното училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, со својата драмска изведба, по сопствено сценарио, се годинешните „најталенти“ на Карпош. Тие, со прекрасниот хумористичен скеч ја воодушевија преполната сала во Драмски театар, односно публиката која го следеше петтиот по ред избор на „Карпош има талент“.

На манифестацијата на која учествуваа талентирани ученици од сите десет училишта од Општина Карпош, второто место го освои Дора Спасовска од ООУ „Јан Амос Коменски“ со гимнастичка акробација проследена со музика,а треттото место и припадна на прекрасниот вокал на Бисера Атанасова од ООУ „Лазо Трповски“, која имаше бравурозна изведба на песната „Има један свет“.

На креативниот натпревар „Карпош има талент“ учествуваа 16 деца од сите училишта од Карпош, а жири комисијата во состав Ирена Лозинска балетски уметник и кореограф, Тони Михајловски актер и Зоран Марковски , академски музичар, меѓу сите таленти ги избраа најдобрите за годинава.

## ВЕШТА РАКА ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ВО КАРПОШ



Во чест на 3 Ноември , Денот на Општина Карпош, локалната самоуправа ја организраше традиционалната изложбено – продажна манифестација „Вешта рака“. Денеска, во холот на надвозникот „Влајко“ граѓаните можат да видат изложени производи од вештите раце на вредните и креативни луѓе.

- Како една од многуте манифестации по повод 39-от роденден на Општината, Секторот за развој се вклучи со настан со манифестацијата „Вешта рака“. Настанот е посветен на сите оние ракотворци кои со своите творби на едно место можеа да го претстават својот креативен труд, и приотоа граѓаните да можат да видат со што сé луѓето се занимавале и што сé изработиле со своите вешти раце. Ги поканивме сите ракотворци со кои соработуваме долги години, кои што се занимаваат со различни дејности, како изработка на слики , плетени работи , изработка на накит и домашно изработени прехранбени продукти. Има доста интерес и меѓу ракотворците и меѓу посетителите на манифестацијата, така што ние како организатори сме задоволни од посетеноста– изјави Маја Филипчева од Секторот за развој во Општина Карпош.